ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-192/2**

**Дата: 17.01.2011**

**ДО**

**ОПШТИНСКО 0СНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„РАМПО ЛЕВКАТА“ - ПРИЛЕП**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општинско основното училиштен „Рампо Левката“ – Прилеп – сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата не утврдивме материјално погрешни прикажувања кои би имале ефекти врз финансиските извештаи поради што ние изразивме позитивно мислење во врска со реалноста и објективност на финансиските извештаи, како и за прашањата ва врска со усогласеност на активностите, финасиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Општинско основно училиште„Рампо Левката“ - Прилеп - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ООУ „Рампо Левката“ - Прилеп за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Соња Блажеска, директор од 21.05.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ООУ „Рампо Левката“ - Прилеп се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа на нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.10.2010 до 22.11.2010 кај ООУ „Рампо Левката“ - Прилеп од тим на Државниот завод за ревизија

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 10.11.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 23.01.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-165/4 од 06.12.2010 година.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ООУ „Рампо Левката“ – Прилеп – сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите,финасиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на ООУ „Рампо Левката“ – Прилеп– сметка на буџет од самофинансирачки активности, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 11.01.2011 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ________________ ________________
2. ________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1.536 | 1.329 |
| Трансфери и донации | 13 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **1.549** | **1.329** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.160 | 1.205 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.160** | **1.205** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 321 | 111 |
| **Вкупно капитални расходи** | **321** | **111** |
| **Вкупно расходи** | **1.481** | **1.316** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочува** | **68** | **13** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 60 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **183** | **0** |
| **Вкупна актива** | **183** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 62 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **183** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **183** | **0** |